Меѓународниот ден на Ромите (8 април), е уште една можност да потсетиме за активностите и резултатите на МЦМС во оваа област.




Во фокусот на активностите беше зајакнувањето на ромската заедница преку образованието, вработувањето, справување со дискриминацијата и општествена исклученост итн.

Преку петгодишната програма „ Применето образование за млади Роми “ (2001-2005), МЦМС успеа да го зголеми бројот на ученици Роми од 18% во учебната 2000/01 на 23% во учебната 2004/05. Во исто време, бројот на оние кои повторувале од 84% се намалил на 34%. МЦМС заедно со 13 организации партнери во програмата, опфати околу 20.000 деца, родители и наставници од 11 општини во Македонија.

Преку петгодишната програма „ Пристап на Ромите до фондови “ (2011-2015), МЦМС им помогна на граѓанските организации чиј фокус е подобрувањето на положбата на Ромите да зајакнат и да мобилизираат фондови со кои ќе ги спроведуваат нивните активности.